Анализирајќи ја општествено-економската положба на дервенџиското население, авторот заклучува: „**Дервенџиите биле составен дел од класата на феудално зависното население** во Османската империја. Она што суштествено ги одликувало од останатата раја, била нивната специјална служба во полза на државата, а не нивните даночни олеснувања, кои главно претставувале компензација за таа служба. Поради тоа, терминот **‚население со специјални задолженија'**, како ознака за дервенџиската раја, го сметаме како многу поадекватен и поблизок до реалноста отколку што е случајот со терминот ‚привилегирана раја'". (106) Натаму, авторот се задржува на отпорот на дервенџиското население — против феудалната експлоатација. Потоа говори за распаѓањето на дервенџиството, за обидите за оживување и за дефинитивното укинување на дервенџиската институција. Притоа истакнува: „Сè уште не е можно да се даде прецизен одговор кога дефинитивно било ликвидирано дервенџиството и дали за тоа бил издаден некој официјален документ од страна на централната османлиска власт. Во секој случај, тоа можело да стане во периодот на големите реформи во Османската империја, т.е. во времето на танзиматот, кога целата раја била изедначена во поглед на правата и даноците, а државата врз себе го презела финансирањето на изградбата и одржувањето на јавните објекти, како и обезбедувањето на јавниот ред и сигурноста". (135) На крајот на општиот дел, авторот го разгледува одгласот на дервенџиството во народната поезија и традиција.

Во посебниот дел (149—300), авторот го проследува развојот на 175 дервенџиски села во Македонија. Притоа ја опфаќа Македонија во нејзините природни историско-географски и етнички граници.

Монографијата за дервенџиството во Македонија, вака компонирана, претставува значаен придонес за проучувањето на овој вид феудално-зависно население не само во Македонија, туку и пошироко, во Османската империја.

Д. Д.

## М-р Владо Картов, ВАЛАНДОВО И ВАЛАНДОВСКО НИЗ ИСТОРИЈАТА, Скопје, 1972, 218.

Ја поздравуваме иницијативата на пишување монографски студии и дела за одделни градови и краишта во нашата Република, кое нешто сè почесто се практикува. Така во таа смисла излегоа од печат монографските трудови: Струмица и Струмичко, Прилеп и Прилепско (II тома), монографиите за Струга, Куманово, Кочани, Гостивар, Охрид, Злетовската област, а во најскоро време се очекува излегувањето од печат на монографијата за Дебар и Преспа. Таква слична монографска студија претставува и публикацијата на Владо Картов, под наслов — Валандово и Валандовско низ историјата, што излезе од печат во текот на 1972 година во издание на Општинското собрание на Валандово. Треба да нагласиме

дека Владо Картов пред овој труд веќе објави две монографски студии за Гевгелија и Гевгелиско низ историјата.

Основната концепциска поставеност на авторот при пишувањето на приложенава монографија била да даде краток преглед на општествено-економската, политичката и културната ситуација на Валандово и Валандовско од античкото време до ослободувањето. Врз основа на изворните податоци што му биле достапни, со помошта на многубројните консултирања со живите учесници и непосредни сведоци на одделни настани од поновата историја, Картов успеал да даде слика на историјата на Валандово и Валандовско од најстари времиња до денес. Навистина при услови, кога ембаргото на архивите од некои од соседните земји би се прекинало, при една поцелосна консултација на севкупната архивска и друга изворна документација за Валандово и Валандовско, многу поцелосно би се расветлил односниот проблем. Картов ги немаше тие услови поради што беше принуден за одделни периоди од монографијата да се користи со литературата на односниот проблем или да врши стручни и научни консултирања. Но сево ова не го намалува значењето на трудот на младиот научен работник. Владо Картов на споменатиов труд работел околу три години. Во приложенава монографија тој даде сè што моментно можеше да се даде за Валандово и Валандовско на полето на историјата, географијата, стопанството, културата и друго.

Тематски монографијата е поделена на шест глави, а секоја глава на помали целини. подглави, кои се обработени проблемски и кои секоја за себе претставува целина за одреден период.

Покрај предговорот, уште на почетокот на монографијата Картов даде краток осврт на користените извори и литература. Потоа следуваат во вид на увод, природно-географските одлики на Валандово и Валандовскиот крај. Тука авторот ја приложи и картата на Валандовска општина. Треба да нагласиме дека низ целата монографија авторот приложи 43 фотографии на одделни личности, месности, локалитети и слично на Валандово и Валандовско.

Првата глава на монографијата Картов ѝ ја посвети на историјата на Валандово и Валандовско од најстари времиња до Словенско-византискиот период. Во неа авторот се осврна врз проблемот за најстарите жители на Валандовско, потоа за античкиот град Идомена, за населувањето на словенското население во Валандовско и нивното потпаѓање најпрвин под византиска а потоа под бугарска власт. Посебно внимание Картов му обрнува на историјатот на Валандово и Валандовско за време на Самоиловата држава и феудалните владетели Добромир Хрс и Стрез. На крајот од главата Картов се осврнува на Валандово и Валандовско за време на српската власт и за настанокот и топонимот на името — Валандово.

Во втората глава Картов се произнесува за историјатот на Валандово и Валандовско за време на турското владеење. Картов го регистрира навлегувањето на турско-османлиските војски и воспоставувањето на тимариотско-спаискиот систем во овој регион на

Македонија. Во посебна подглава Картов се осврнува на колонизацијата на турското население, главно на Југуците и Коњарите во Валандовско, а на крајот го дава описот на турската касаба Валандово кон крајот на XVII век.

Валандово и Валандовско во текот на XIX и во почетокот на XX век е третата глава на монографијата. Основната интенција на авторот во оваа глава е да ја даде основната скица на Валандово и Валандовско за време на преродбенското движење и појавата на организирањето македонско националноослободително движење воопшто во Македонија, а посебно во Валандовско.

Четвртата глава на монографијата му е посветена на Валандовскиот крај за време на Балканските и Првата светска војна, петтата, Валандовско во периодот меѓу двете Светски војни и шестата, Валандово и Валандовско за време на Народноослободителната борба. Треба да истакнеме дека при овие глави авторот најпрвин се осврнува на општествено-политичката ситуација во Македонија, а потоа посебно на Валандово и Валандовско во дадениот историски период. Исто така, забележително е дека во последните глави авторот успеа подлабоко да навлезе во односните настани и да даде реконструкција на блиското историско минато на Валандово и Валандовско.

На крајот од монографијата, откако авторот изоставил да даде заклучок, дава кус библиографски преглед на основната консултирана изворна документација и литература, и тоа воопштено.

Приложенава монографска студија на Владо Картов претставува единствена публикација за Валандово и Валандовско низ историјата и своевиден придонес за историскиот развиток на овој регион на Македонија и за македонската историографија.

А. Т.

**Гане Тодоровски, ТРАКТАТИ ЗА СОНЦЕЉУБИВИТЕ (есеи и записи на македонски теми), „Култура", Скопје 1974, стр. 420.**

Неодамна, во својата едиција „Современа општествена мисла", Издавачкото претпријатие „Култура" — Скопје ја издаде најновата книга на д-р Гане Тодоровски „Трактати за сонцељубивите (есеи и записи на македонски теми)". Книгата претставува избор на есеи, статии и материјали кои се објавувани во списанијата „Разгледи", „Стремеж", „Македонски фолклор", „Историја", „Јехона" (Одек), годишникот „Иселенички календар", „Годишен зборник на Филозофскиот факултет" и други зборници, весникот „Нова Македонија", Радио — Скопје, предговори кон одделни книги и посебни книшки.

Во книгата „Трактати за сонцељубивите", по „Збор до два наместо вовед", објавени се следниве наслови: Утринската песна на македонската преродба (личноста и делото на Димитрија Миладинов во сеќавањата на Рајко Жинзифов) (стр. 7—26); Прличев како детски поет (27—48); Марко Цепенков (49—84); Трајко Китанчев (85—110); Формирањето на ВМРО